# Службен гласник

| Број 16 | 20.05.2014 година |
| --- | --- |

на Општина Кавадарци

| **С О Д Р Ж И Н А** | |
| --- | --- |
| Решение за објавување на Одлука за издвојување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година како помош за санирање на последиците од поплавите во Бољевац и Горни Милановац - Република Србија; | **2** |
| Одлука за издвојување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година како помош за санирање на последиците од поплавите во Бољевац и Горни Милановац - Република Србија; | **3** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за издвојување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година како помош за санирање на последиците од поплавите во Бољевац и Горни Милановац - Република Србија**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за издвојување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година како помош за санирање на последиците од поплавите во Бољевац и Горни Милановац - Република Србија, донесена на Втората вонредна седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 20.05.2014 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-2401/1**
**20.05.2014 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа(“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци(“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 20.05.2014 година , донесе

**О Д Л У К А**

**за издвојување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година како помош за санирање на последиците од поплавите во Бољевац и Горни Милановац - Република Србија**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци издвојува финансиски средства во износ од 178.000 денари, како помош за санирање на последиците од поплавите во Бољевац и Горни Милановац - Република Србија.

**Член 2**

Одобрените средства од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година – други трансфери 464-990, и ке бидат префрлени на жиро сметка на Црвен Крст Кавадарци со намена за набавка на 32 палети односно 24.200 литри вода за пиење .

Црвен Крст Кавадарци ке биде должен да достави извештај до Советот на Општина Кавадарци за насочените средства од член 1 на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ке се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.07- 2375/1**
**20.05.2014 година**
**Кавадарци**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**